# ЗАПИСНИК
**од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.09.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека при читање на предложениот дневниот ред ќе направи мала модификација во насловот на Точката бр.2 која гласеше Предлог-одлука за одземање на дозволата на радиодифузер. Потсети дека членовите на Советот биле известени преку електронска пошта и добиле нови материјали, а сега објасни и усно дека истиот радиодифузер го уплатил годишниот надоместок. Предложи во дневниот ред Точката да биде формулирана како Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер, бидејќи станува збор за истиот медиум. Во врска неговиот предлог побара мислење од членовите на Советот дали се согласуваат или имаат друг предлог.

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Петрушевски, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.08.2018 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер.
3. Предлог-решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување.

4. Предлог-Правилник за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија.
5. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.08.2018 година.

Г-дин Петрушевски објасни дека на 37-та седница г-дин Јанчески беше отсутен бидејќи заборавил дека во истиот термин на закажаната седница има приемен испит за нови студенти. Г-дин Петрушевски рече дека подоцна по завршувањето на седницата бил известен, но на 37 седница не објаснил конкретно за отсуството на г-дин Јанчески бидејќи навремено не ги знаел причините.

Советот на Агенцијата со еден воздржан глас од г-дин Јанчески и со 6 гласа „за" го усвои предложениот записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.08.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер објасни дека откога радиодифузерот извршил уплата членовите на Советот ги добија новите материјали во посебна електронска порака.

Г-дин Трајчевски објасни дека ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, ја изврши дополнителната уплата на долгот предвиден за дозволата за телевизиско емитување и затоа до Советот се предлага да се запре постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека се работи за позитивна вест и затоа и предложил да се измени насловот во дневниот ред. Објасни дека сега медиумот ќе продолжи да работи што е добро и за медиумската слика и за вработените во медиумот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-440 од 12.09.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, и донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, бр.08-349 од 15.08.2017 година, поради извршена уплата во износ од 178.731,00 (стоседумдесетиосумилјадиидседумстотинитриесетиеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече да се информира радиодифузерот за донесеното решение за запирање на постапката и му посака на радиодифузерот идната година да не чека за уплата до последен момент.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи предложеното решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. Објасни дека на 19.07.2018 година до Агенцијата беше доставено Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување од Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп и Цветан Настевски, со придружна документација. По доставувањето на апликацијата, беше утврдено дека нема доставено Образец за технички и просторни услови. Во таа насока беа известени подносителите и бараниот Образец за технички и просторни услови беше доставен до Агенцијата на 30.07.2018 година. Тогаш се создадоа услови за да се пристапи кон разгледувањето на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. Во документацијата се констатираа повеќе недостатоци, односно не беше јасно кој е подносител на истото, дали е тоа ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп или лицето Цветан Настевски. Исто така, во потточката 5.5 од Барањето не е прецизиран радиодифузниот регион за вршење на дејноста, потоа се увиде дека има и повеќе недостатоци поврзани со документите кои се однесуваат на програмскиот дел од Барањето. При разгледувањето на поднесеното Барање се утврди дека кон истото е доставен Преддоговорот за емитување на програмскиот сервис склучен со оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, меѓутоа истиот не е заверен на нотар, согласно член 76 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, се констатираше дека кон предметното Барање не се доставени ни потребните прилози/податоци во однос на делот на понудените технички услови. Се утврди дека не е доставен технички проект, во однос на делот за минималните кадровски услови дека не се доставени податоци од кои ќе може да се оцени дали се исполнети минималните кадровски услови, а во однос на делот на понудените финансиски услови се утврди дека не се доставени документи за финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции, дека не е доставен Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издадени од Централниот регистар на Република Македонија, за последните две години, како и документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно на дејноста (банкарска гаранција; депозити во банка; хартии од вредност и др.). Доставени се Изјави за кои има обрасци кон Барањето, но поради тоа што не е јасно кој е подносител на Барањето, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не може да пристапи кон нивно разгледување, поради што кај истите потребно е да се изврши прецизирање на подносителот на Барањето, односно изјавите да бидат усогласени, така што точно да биде наведено својството на давателот на изјавата за секоја изјава поединечно, а во нотарската заверка треба да бидат наведени целосни и точни податоци. Во однос на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, Советот на Агенцијата на 31-та седница одржана на 20.07.2018 година, донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп. Во оваа насока, постоењето на недозволена медиумска концентрација, претставува правна пречка поради која Агенцијата не може да додели дозвола за телевизиско емитување. Заради наведените констатации при разгледување на предметното Барање со придружната документација, Агенцијата со допис ги извести ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп и лицето Цветан Настевски, за тоа дека поднесеното Барање не

е уредно пополнето, не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека истото е нејасно и им посочи во која насока истите да бидат отстранети. Беа известени дека доколку не постапат по Известувањето и не ги отстранат утврдените недостатоци, во рок од 15 дена, Агенцијата ќе го отфрли Барањето со управен акт согласно одредбите од Законот за општата управна постапка. Во Агенцијата се доставени повратници од Македонска пошта дека било уредно примено но во определениот рок не ги отстранија недостатоците на Барањето, односно не одговорија и не постапија по доставеното Известување. Од таа причина му се предлага на Советот да се отфрли Барањето за доделување на дозвола.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот е правилен бидејќи има многу недостатоци, а најкрупните ги кажала раководителката Скерлев Чакар за тоа дека тековно Советот поведе постапка за недозволена медиумска концентрација за овој радиодифузер и посебно што не успеал да склучи преддоговор со ниеден кабелски оператор, а тоа е елементарен недостаток бидејќи не ќе може телевизијата да се пренесува преку кабел. Посочи дека постојат и ред други недостатоци од што може да се заклучи дека барателот не се подготвил доволно добро согласно Законот. Во таа насока рече дека според него радиодифузерот следната година би требало со ваква постапка да започне малку порано за да може оваа идеја да ја реализира. Но, рече дека секако негова е одлуката како ќе постапи. Во секој случај постојат многу причини да се отфрли барањето и рече дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-391 од 11.09.2018 година и едногласно донесе Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп и Цветан Настевски од Скопје, Уп1 бр.08-391 од 19.07.2018 година, со дополнување од 30.07.2018 година, поради тоа што истото е нецелосно и нејасно, односно не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), со текст како што беше предложено.

Се задолжи Секторот за правни работи горенаведеното решение да го достави до Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп и лицето Цветан Настевски од Скопје.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече да се информираат барателите за одлуката на Советот.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи предложениот Правилник за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија. Објасни дека составен дел на Правилникот е образец - Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер и дека истиот треба да се усогласи со сегашниот назив на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги. Затоа се предлага зборовите: „Булевар ВМРО бр.3”, да се заменат со зборовите: „Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38”.

Г-дин Фиданоски праша дали се`уште има документи во кои што треба да се направи измена во однос на седиштето на Агенцијата? Сугерираше доколку има, сите заедно да бидат изготвени и предложени на една седница, за да истовремено бидат усвоени и коригирани.

Г-дин Петрушевски објасни дека во овој период Стручната служба има многу работа, има многу настани, се подготвува и Стратегијата, се врши мониторинг во врска со Референдумот.

Раководителката д-р Андриана Скерлев Чакар рече дека секторот секојдневно работи на пречистени текстови, на актите за систематизација и слично. Некои од нив не одат како материјали на седница, но работата во тој поглед непрекинато се одвива.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-4008/1 од 11.09.2018 година и едногласно донесе Правилник за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година со Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер, составен дел на овој Правилник, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведениот Правилник да го објави во „Службен весник на Република Македонија”.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-4006/5
26.09 **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]